Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа - Institucioni Nacional
Центар за култура - Qendra për Kulturë
ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ - TRAJKO PROKOPIEV
Бр. Nr. 04 - 170/11
13.04 2021 год./vit.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 77 – ж од Законот за култура (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18), член 21 од Законот за работни односи (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 62/05, 106/18, 114/09, 16/10, 47/11, 39/12, 13/13 до 120/18), член 13 став 2 точка 20 од Статутот на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на давателите на јавните услуги во Националната установа Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово **Бр. 01 – 648/3** од **14.10.2019** година и Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, **Бр. 04 – 170/2 од 12.03.2021 година** и Записник за извршена административна селекција **Бр. 04-170/9** од **07.04.2021** година и Записник за спроведено интервју **Бр. 04-170/10 од 08.04.2021** година, а во врска со Одлука за објавување јавен оглас **Бр. 04- 170/1** од **12.03.2021** година и оглас **Бр. 04 – 170/2 од 12.03.2021** година, на **13.04.2021** година, се донесува следната:

# ОДЛУКА ЗА ИЗБОР

**За вработување на неопределено време, на 2 (две) лица, на работно место**

**Друг работник за прием на посетители** со шифра на работно место **КУЛ 04 01 Б01 004, по пат на јавен оглас**

1. По Јавниот оглас **Бр. 04 – 170/2 од 12.03.2021** година и спроведена постапка за вработување на **2 (две) лица**, на неопределено време, на работно место - **Друг работник за прием на посетители**, се избираат кандидатите:

**- СВЕТЛАНКА ЈОВАНОВИЌ –**

**- ДАЛИБОРКА МАНИЌ-**

**2**. Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесе решение за вработување и со избраните кандидати од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише Договор за вработување.

**3**. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 2 (две) лица, на работно место - **Друг работник за прием на посетители, број 18 – 2978/2 од 12.03.2021** година е донесена Одлука за објавување на јавен оглас **Бр. 04- 170/1** од **12.03.2021** година. Врз основа на Одлуката објавен е јавен оглас **Бр. 04 – 170/2 од 12.03.2021** година во дневните весници **''Слободен печат''**, **''Нова Македонија''** и **''Коха''**. По огласот, во Архивата на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово беат доставени 3 (три) пријави.

Комисијата за вработување формирана со Решение **Бр. 04-170/8** од **05.04.2021** година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и изврши интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите на огласот. Комисијата за вработување, по извршената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто со кандидатите, подготви соодветни Записници и ранг листа и до директорот достави предлог за избор на кандидат, **Број 04- 170/10 од 08.04.2021** година.

Имајќи го предвид горенаведеното, Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна поука*: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Управниот одбор на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, во рок од 8 дена од приемот на истата**.

Доставено до: - до Архива
до: - Кандидатот

НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
''ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ''
КУМАНОВО
Директор,
Сашо Тодоровски